


# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

**23 НОЕМВРИ - 18 ДЕКЕМВРИ 2015**

**3.ТВ Сител**

*„Дневник“*
Во известувачкиот периоод од 23 ноември до 18 декември 2015г.. ТВ Сител објави 347 прилози кои се однесуваат на политичките актери. Најмногу внимание месецов телевизијата им посвети на *(1)* Новите проекти на Владата на РМ (159 прилози), *(2)* Преговорите за медиумите (41 прилог), *(3)* Аферата со лажни лични карти (11 прилози), *(4)* Ветото за домашното задолжување (10 прилози), *(5)* Анкетна комисија за аферата со прислушувањето (9 прилози), *(6)* Комплетирањето на составот на Државната изборна комисија (8 прилози), *(7)* Аферата за работењето на министерството за внатрешни работи (3 прилози), **(8)** Блокадата на Ректоратот поради сечењето на дрвјата на кампусот на УКИМ (1 прилог). Во најголемиот дел од известувањето (најмалку 160 прилози) на овие теми беше забележан фаворизирачки однос кон ВМРО ДПМНЕ. Најексплицитните конструкти на фаворизирање беа направени во прилозите кои реторички ги глорификуваат политиките на владата, како што се инвестициите за кои нема докази дека се егзекутирани, вработувањата за кои фреквентно се известува, а за кои нема докази колку фактички се случуваат, за мноштвото промотивни настани на кои само се регистрира дека владата остварува подобрување без да се постави прашањето дали е тоа подобрувањето е реално. Демонизирачкиот однос кон СДСМ (93 прилози), кај оваа телевизија е најсилен и по интензитет и според фреквентност, во споредба со другите телевизии.

Про пагнад истичк и пристап, к оментари и оценк и во вес тите: Во целиот известувачки период очигледна е пролиферација на неаргументирани извештаи, коментари и оценки за политичките субјекти направени од новинарите и од уредниците во оваа телевизија. Типично за оваа информативна програма во известувачкиот период е употребата на хибридни новинарски конструкти како што е на пример најавата/комантар во која водителот на изданието во најава на прилогот кој следи изнесува паушални оценки по сопствено видување за ситуацијата. Друг тип хибридизација е анализата-коментар и извештајот-коментар. Во известувачкиот период се детектирани најмалку 65 примери на емитување на вакви хибридни жанрови и во речиси сите такви објави може да се воочи експлицитна и дистинктивна линија на фаворизирање на владеачката ВМРО-ДПМНЕ. И во повеќето останати прилози воочена е фаворизизација која е едноставен трансфер на информација на начин на кој е во служба на владата.

Овие објави можат да се класификуваат според фокусот:
(**1**) Највоочливи се прилозите со нерагументиран коментаторски тон кои експлицитно и навивачки, *конструираат приказна во која Владата е моторот на растежот на македонксата економија* кој овозможува многу странски инвестиции и кој отвора нови работи места. На пример прилозите: „Тетовската текстилна компанија *Империјал* е само еден успешен пример која со помош на државните мерки го вработила потребниот кадар“, „Се редат одличните резултати што фирмите ги добиваат од владиниот проект“ (27.11.2015 г.), „Успешна 2015 на инвестициски план, 20 странски компании почнаа со работа.“ (03.12.2015), „Невработеноста на историски најниско ниво од 25,5 проценти“ (11.12.2015г.). Индикативно е тоа што со прилозите од ваков тип често таргет е младата публика – на пример „Владината мерка ослободување од плаќање придонеси за фирмите кои ќе вработат млади лица до 29 години наиде на голем интерес“ (01.12.2015). „Историското ниво“ на „редење успеси“ за кои се зборува во овие прилози поедноставувачки ги глорификува чекорите на владата, чијашто исправност не само што не е предизвикана (challenged), туку е и пропагандистички поставена со цел да го симплифицира аргументот и да предизвика едноставно прифаќање од публиката.

**(2)** Дистинктивни се и прилозите кои се однесуваат на инвестиции во здравствениот сектор и грижа за децата, а кои произведуваат наратив во кој ВМРО-ДПМНЕ се грижи за јавното добро. На пример: „Продолжуваат инвестициите во здравството - нов компјутерски томограф во поликлиниката Јане Сандански“ (30.11.2015), „222-ца волонтери и лица со договор на дело ќе засноваат редовен работен однос во градинките, „11 волонтери во велешката болница добија вработувања“ (01.12.2015 г.), „Владата покажа подготвеност да одговори на современите медицински предизвици и употребата на нова генерација на лекови“ (06.12.2015), „Детската болница во Козле и ПЕТ центарот готови до нова година“(05.12.2015). Фокусот кој е ставен на здравството сугерира потреба Министерството за здравство, односно Министерот за здравство да биде целосно врамен во позитивно светло, ретуширајќи ги настаните кои го сугерираат спротивното. Во насока на чувството на владејачката партија за јавното добро и социјалната правда, Сител објавува и пропагандни

прилози со кои се сугерира дека владата се грижи за социјално најзагорзените: на пример, прилогот “Пуштена во употреба станбена зграда со 76 станови за семејства во социјален ризик“ или „Владата го решава проблемот на 43 семејства од социјален ризик во Кочани“ (двата објавени на 03.12.2015), или прилогот “150 илјади нови отворени работни места за подобар живот на 150 000 семејства (12.12.2015).

**(3)** Конечно, карактеристични се прилозите кои пропагандно промовираат инфраструктурни проекти на владата: „Стартуваше проширувањето на третиот дел од булеварот Борис Трајковски“, „Основното училиште во Мислешево доби нов кров (двата објавени на 12.12.2015), „Во Неготино ќе се реконструра водоводната мрежа“ (05.12.2015).

Дневникот на ТВ Сител е информативнотата програма која покрај најразгранетата пракса на пропагандна фаворизација на ВМРО-ДПМНЕ има и најсилна пракса (во споредба со другите телевизии) на демонизација на СДСМ и се што може да се смета за „непријател“ на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа во известувачкиот период е недвосмисливо видливо преку примери како: „Законите за контрола на медиуми кои ги бара СДСМ се полоши и од оние во комунизмот и ниту една европска држава нема такви законски мерки.“ (28.11.2015) кој конструира ланец на еквиваленција на СДСМ со „стариот режим“ кој пак во неолибералниот дискурс е веќе стигматизиран како „зол“. Демонизација беше детектирана во прилозите како „Измените што СДСМ ги предлага за законот за медиуми нема да донесат новинарство ослободено од политички притисоци“ (10.12.2015), или „Премиерот Груевски најавува политички нокаут за Зоран Заев на 24 април. На тој начин ќе биде целосно победена деструктивната политика на опозицијата со која таа се обидува да ја втурне државата во сериозна институционална дестабилизација“ (10.12.2015), „ВМРО ДПМНЕ: СДСМ сака цензура како во Северна Кореја“ (29.11.2015) - Во вакви прилози опозицијата е конструирана во јавен непријател.

<u>Користење на изворите:</u> Во вестите на Сител во периодот од 23 ноември до 18 декември најчесто се користи еден извор (158 прилози) – овие прилози најчесто се пренесување на активностите на Владата, но често новинарските извештаи/коментари се базираат на само еден извор. Кога во некој прилог има три или повеќе извори, тогаш тие најчесто застапуваат единствено гледиште (37 прилози). Како извори се користат и партиски (ВМРО- ДПМНЕ) и владини соопштенија и изјави на министри и градоначалници. Манипулацијата со изворите е во користењето на формулации „обвинители“, „експерти“, „..извори блиски до...“ без да се наведат конкретни имиња на изворите. Како извори се користат партиски соопштенија и изјави на министри.

<u>Директни обраќања:</u> Политичките субјекти во најголем број случаи се сведуваат на лидерите на двете најголеми политички партии. Според бројот на појавувања (78 прилози) забележлива е избалансираност, но обраќањата на лидерот на владејачката партија се во позитивен контекст, додека на лидерот на опозицијата во негативен контекст.

<u>Аудиовизуелна презентација:</u> Оваа телевизија ја манифестира приострасноста и преку невербални методи – дури 45 прилози или 15% од прилозите се проследени со манипулативна аудиовизуелна презентација, преку снимки со еуфорична поддршка за фаворизираната страна и компромитирачки начин на презентирање на демонизираната опозиција.

**Емисии**

Овој извештај ги опфаќа само емисиите емитувани во првата половина на декември. Во известувачкиот период беа анализирани емисиите *Јади Бурек* (9 изданија) и *Ја сакам Македонија* (10 изданија). Предмет на подлабока анализа беа само изданија каде имаше сериозно прекршување на професионалните стандарди.

<u>*Емисија “Јади бурек“*</u>

Во периодот од 01.12.2015 до 14.12.2015 во деветте емитувани изданија на емисијата со водителот Јанко Илковски имаше две индикативни, особено изданијата на 01 и 03 декември содржеа ноторни пробивања на професионалните стандарди влучувајќи и говор на омраза.

Во изданието од 1 декември главна тема што ја наметнува водителот беше опасноста опозициската СДСМ да дојде на власт. Притоа, Илковски себе си заедно со новинарите Цветин Чилиманов, Драган Павловиќ-Латас и

други се стави во групата противници на, како што рече „цензурата и диктатурата", оценувајќи се како бранител на слободата на медиумите и изразувањето. Според неговите изјави, новинарите се загрозени од предлозите на СДСМ за "регулирање на медиумската сфера". Илковски во текот на емисијата, во која има и јавувања од гледачи, кон СДСМ *користи експлицитни негативни оценки и термини* како „гебелсовци" и „Гебелс", со лични напади и дисквалификации кон личности од СДСМ. Во делот со јавувањата *водителот не се дистанцира од ставовите на гледачите* што директно се јавуваат во емисијата, туку *ги охрабрува оние што ја поддржуваат тезата дека опозицијата ја загрозува безбедноста на државата* и по секоја цена сака да дојде до власт.

Цитат: *„Им се може, со свињи со пцуење на мртви родители, со вулгарност со насилство и се станува министер. Алал им вера, значи на нив им успеа. Со пцуење, со правење селфи каде гинеа наши војници, со изживување, со пцовки, со навреди и ете. Гледајте сега, некој ќе успева така во животот, некој ќе успева сосема поинаку, цивилизирано. Јас ве разбирам, вашиот глас, она што сте си гласале не ви важи. Зошто? Затоа што еве некои вакви вулгарни, можат да прават што сакаат. Нема бе демократија. Зошто? Оти му се може. Оти би погазил се' што не му се допаѓа, он би го запалил. Психопати, лудаци, убијци, луѓе спремни да ве заколат живи."*

Во емисијата водителот *користи и негативен и стереотипизирачки говор кон етничка група* - ги врамува Албанците како сепаратисти со што тој го образложува своето противење на предлогот на претседателот на СДСМ за децата Македонци да можат да учат албански јазик.

Во изданието 03.12.2015 водителот заедно со гостинката Мирка Велиновска се осврнуваат на повеќе актуелно-политички теми и глобални настани. Притоа водителот и гостинот ги врамуваат ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Груевски како конструктивни и толерантни, избрани од и се уште со доминантна поддршка кај народот. За сметка на тоа, кон СДСМ и посредникот во преговорите Питер Ванхојт се обраќаат со експлицитни негативни оценки, користејќи и негативен и стереотипизирачки говор кон националната припадност на посредникот - па дури и говор на омраза,. Велиновска ги квалификва Белгијците како луѓе, како што рече*, „со менталитет на 'кољачи'" и „нација на платени убијци",* што претставува говор на омраза. Водителот не се оградува од ваквите оценки. Водителот и гостинката посочуваат на „заговор од странците" и дека изборите ќе бидат наместени.

Цитат: *„Велиш дека народ ќе гласа за ВМРО-ДПМНЕ, за себе ќе гласа, чувствувам доста од јавувањата на гледачите, се создава дури и оние што им се прилично контра на ВМРО-ДПМНЕ, начинот и односот на странците кои буквално веќе како да изгубија осет како изгледаат пред народот се создава еден силен отпор. Дали мислиш дека ќе се случи како во Турција кога народот турски почувствува толку силен притисок и гласаа за Ердоган не од што сакаа туку само за да контрираат на тие фактори од надвор?"*

*Емисиј а „Ја сакам Македон ија"*

Тема во емисијата емитувана на 01.12.2015 беа партиските предлози за медиумите како дел од политичките преговори во Клубот на пратениците. Притоа во неколку случаи забележан е негативен и напаѓачки однос и говор на водителот кон СДСМ кој нивниот предлог го определува како „тоталитаризам".

Цитат: *„СДСМ потврди дека останува на своите предлози со кои се воведува целосна партизација и тоталитаризам во медиумите"*

Забележливо е дека во текот на утринската емисија се емитуваат најави за утринските информативни блокови во кои се содржани квалификации кон политички субјекти. Ваква негативна и напаѓачка квалификација во рамки на најава на информативен блок упатени кон посредникот во преговорите Питер Ванхојт е забележана во емисијата емитувана на 3 декември.

Цитат: *„За владеачката партија, за медиумите, како и за експертската јавност е тотално неприфатлив неговиот предлог за закон кој ќе донесе своевидна партизација на регулаторното тело за медиуми. Запрашан по оваа негова изјава зошто во Македонија не се спроведе некое од европските законски решенија кога веќе мора да се менува законската регулатива, тој одговори дека тие решенија не соодветствуваат на македонскиот менталитет. Со тоа, многумина сметаат, тој директно ги навреди Македонците, значи дека Македонците не се Европјани".*

Сепак забележано е дека водителот на контактната емисија на дел од јавувањата на гледачите реагира со

укажување да се задржи нивото на дискусија и укажува на законски одредби. Ова се однесува на јавување во кое гледач упатува стереотипни пораки преку коментар дека „земјите кои го уништуваат Балканот (западни земји) со предизвикување на бегалска криза (бегалска и мигрантска криза), еден ден и самите ќе настрадаат и ќе бидат уништени.